# ЗАПИСНИК
**од 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 16.10.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** Маја Дамевска, Цветанка Митревска, м-р Емилја Јаневска, Ивона Муфишева, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:50 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала на 2-ри кат.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од првото продолжение на 31-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 09.10.2023 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 09.10.2023 година.
3. Предлог - решение за продолжување на рокот за одлучување по покренатата постапка за одземање на дозволата на ТРД Радио Канал 77 ДООЕЛ Штип.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар, за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
5. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – стока: Горива за потребите на Агенцијата.
6. Приговор од вработена во Стручната служба на Агенцијата против Одлука арх.бр.04-3579/1 од 29.09.2023 година.
7. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од првото продолжение на 31-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 09.10.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 09.10.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог - решението за продолжување на рокот за одлучување по покренатата постапка за одземање на дозволата на ТРД Радио Канал 77 ДООЕЛ Штип. Објасни дека на претходната 32-ра седница Советот донесе Заклучок за започнување на постапка за одземање на дозволата на ТРД Радио Канал 77 ДООЕЛ Штип при што Советот во рок од 15 дена треба да одлучи дали ќе ја запре постапката или ќе донесе Одлука за одземање на дозволата. Во Законот е предвидено дека не мора по вторпат да се прави контрола, односно надзор врз радиодифузерите кои што ги прекршиле одредбите од Законот и се предвидува одземање на дозволата. Но воспоставена е пракса во Агенцијата секогаш да се прави контролен надзор за да се констатира дали се отстранети прекршувањата или не, и потоа Советот носи соодветна одлука. Со оглед на тоа дека во овој случај самата анализа на снимките од овој радиодифузер се доста сложени и потребно е подолг временски период, согласно Законот за општа управна постапка постои можност да биде одложено донесувањето на конечната одлука на органот, но не подолго од 30 дена. Напомена дека Агенцијата секогаш треба да се води од интересите на странката во овој случај радиодифузерот и согласно ЗОУП јавните органи како што е АВМУ сервисно се ориентирани кон остварувањето на правата и интересите на странките односно секогаш треба да ги гледа поповолните услови за радиодифузерите. Исто така согласно членот 11 од ЗААВМУ Агенцијата е составена од два органи, Советот и директор односно Стручна служба, и при донесувањето на конечната одлука, Советот треба да добие релевантна информација од директор односно Стручна служба за да може да донесе релевантна одлука. Од таа причина се предлага да се продолжи рокот за одлучување на Советот не подолго од 30 дена и веднаш по спроведувањето на анализата Советот ќе биде информиран, иако рокот можеби ќе биде пократок, и ќе биде закажана седница на која Советот ќе ја донесе конечната одлука.

Г-дин Петрушевски рече дека за него лично предложениот рок не подолго од 30 дена е прифатлив од причини што предложената мерка е многу сериозна за било кој медиум. Лично се надева дека нема да се повтори претходниот надзор кога беа констатирани многу прекршувања и наликуваше дека тоа е смислено направено. Друго е да има техничка грешка, но имаше преголем број на прекршувања. Сепак смета дека треба да му се даде можност на медиумот да се усогласи со Законот и се надева дека

Г-дин Трајчевски објасни дека согласно пресудата на Апелациониот суд се задолжува Агенцијата во рок од 8 дена кој што рок е испочитуван, подносителот на пријавата да биде распределен на работно место согласно нејзината стручна подготовка. Согласно стручната подготовка на подносителот на пријавата, таа е распределена на работно место Раководител на одделение за нормативно-правни работи и со таквото распределување е испочитувана одлуката на судот, а истовремено тоа е највисокото работно место согласно стручната спрема која што ја поседува подносителот на пријавата. За доделување на друго место како виш соработник или соработник ќе доведе до тоа да биде распределена на работно место согласно стручната спрема но ќе има помала плата иако согласно пресудата на судот не е наведена платата туку само стручната спрема. Подносителот на приговорот не е задоволен од одлуката на Агенцијата и бара да биде распределен на работно место Раководител на Сектор за правни работи и јавни набавки. Таквото нејзино барање беше наведено и во Тужбата која што Апелациониот суд ја отфрли бидејќи согласно систематизацијата раководител на Сектор за правни работи и јавни набавки треба да има положен правосуден испит кој што носителот на приговорот го нема, а исто така нема ни сертификат за јавни набавки. Тие два услови подносителот на пријавата не ги исполнува и согласно тоа не може тој како директор да ја распредели на такво работно место. Објасни дека ова распределување на работно место Раководител на одделение за нормативно-правни работи е извршено и во координација со адвокатската канцеларија која што ја има ангажирано Агенцијата. Потенцира дека целосно е спроведена судската пресуда бидејќи нема друга можност тој како директор да не спроведе судска пресуда.

Г-дин Петрушевски рече дека Агенцијата е должна да ја изврши Одлуката на Апелациониот суд и таа е извршена, распоредена е на работно место исто како што била и пред тоа. Приговорот е упатен до Советот, но ако се погледнат надлежностите на Советот, член 18 од ЗААВМУ, ќе се види дека Советот покрај другите надлежности во однос на вработените дава одобрување за вработување и отпуштање на вработените во Стручната служба на Агенцијата, што во овој случај не е така. Согласно член 20 од ЗААВМУ директорот на Агенцијата покрај другите надлежности одлучува за вработување и распределување на вработените во Стручната служба на Агенцијата, што значи дека ова барање за распределување е исклучиво во надлежност на директорот. Во овој случај може да прифати дека Советот некако е место каде што некој вработен би се жалел, но ако се погледне по надлежности ова е исклучиво право на директорот и поради спроведената одлука од Апелациониот суд и поради она што го кажал за член 20 од ЗААВМУ, не може да го прифати Барањето на вработената за да Советот влијае да се распореди на работно место Раководител на Сектор за правни работи и јавни набавки. Објасни дека е против овој предлог и за него приговорот е неприфатлив пред сè заради законските надлежности на директорот кои не му даваат право да му кажува како да постапи, но може да каже кога тој би бил директор што би направил. Објасни дека би ја викнал вработената лично со него или и со другите раководители на повеќе разговори, бидејќи ова се провлекува неколку години, односно преставува проблем за самата вработена, за директорот, за вработените во Секторот, значи еден непријатен товар што ја нарушува атмосферата во Агенцијата. Смета дека ваквата ситуација може да се надмине само со разговори, кога нема разговори крајните опции се да има тужење или евентуално вработената во знак на револт да ја напушти Агенцијата. Друго решение не гледа, вака да продолжи не е добро. Тој би разговарал

колку што е можно повеќе, иако ја почитува одлуката на директорот затоа што ова е негова надлежност и тој одлучува како ќе бидат распределени вработените. Ефикасноста на Стручната служба е во негова надлежност, ако работи добро тој е заслужен исто така и ако не работи добро повторно тој е одговорен.

Г-дин Ајдини рече дека и за него ситуацијата е јасна, тие како Агенција треба да ги извршуваат судските одлуки. Побара објаснување на еден дел од дописот од Адвокатската канцеларија, пишува дека е најавена ревизија. Праша дали подносителот на пријавата поднело барање до ревизијата, дали Агенцијата добила некое писмо, или одговорила на тоа? Прашува, бидејќи пишува „Ревизијата која е најавена како вонреден правен лек не го одлага извршувањето..“

Г-дин Трајчевски објасни дека во самиот приговор подносителот на приговорот кажува дека ќе поднесе формално жалба до Врховен суд. Кога ќе поднесе жалба односно кога ќе побара ревизија Агенцијата преку адвокатската канцеларија ќе биде информирана, но објасни дека до сега нема таква ревизија. Смета дека рокот е 30 дена од правосилноста на пресудата и дека тој рок сè уште тече. До сега има само најава и не знае дали ќе биде поднесена.

Г-дин Ајдини се изјасни дека ќе биде против барањето од приговорот доставен до Советот.

Г-дин Трајчев рече дека се согласува со тоа што е кажано, дека вакви ситуации се решаваат секогаш со дијалог и секогаш со разговор може да се изнајде заеднички јазик за сите ситуации и состојби, посебно поради фактот што судски се губат одлуките што ги носи директорот, понатаму доаѓаат на Совет. Исто така гледа дека во материјалите има реакција од Народниот правобранител за начинот како е тоа водено и сите овие ситуации укажуваат на тоа дека треба да се постапи малку поинаку, да се најде заеднички јазик затоа што сите ситуации завршуваат со некаков договор. За овој случај смета дека повеќе се работи за некаков личен однос, не навлегува кој е во право а кој не, но кога се работи за вложување на ваков труд на некој вработен да води судски постапки, очигледно е дека тој се чувствува загрозен. Не може да навлегува во причините зашто е дојдено до ова, единствено што би сакал е да праша е дали е постапено согласно одлуката на Апелациониот суд кој вели да се распредели на соодветното работно место и дали е постапено, дали е тоа соодветно работно место од сите аспекти, од стручна подготовка, од аспект на плата, од аспект на тоа што било претходно и сега со новата систематизација која е донесена, дали не се ризикува и по носење на оваа одлука, судот да утврди дека не е постапено правилно, зашто не е задоволено тоа што Апелациониот суд го бара од Агенцијата, односно да се распредели на соодветно работно место.

Г-дин Трајчевски одговори дека вработената е распределена на највисоко работно место, слободно работно место согласно нејзините стручни квалификации. Постои само уште едно работно место, а тоа е Помошник раководител на Сектор за правни работи и јавни набавки, на кое што е м-р Ивона Муфишева. Сегашното работно место е највисоко со највисока плата, така да во целост е исполнета одлуката на Апелација. Што се однесува до мислењето на Народниот правобранител рече дека нема да го коментира јавно, но бидејќи вработената се жалела на мобинг, по барање на Народниот правобранител и по барање на Претседателот на Владата беше спроведен надзор од страна на трудовиот инспекторат кој што е надлежен за да утврди дали има или не мобинг. Во таа насока Трудовиот инспекторат констатира дека нема никакви

наоди дека кај вработената се има извршено мобинг. И согласно тоа доколку имаше таков наод и констатација од трудовиот инспекторат ќе имаше и тужба, а од тогаш е поминато повеќе од година и пол.

Г-дин Петрушевски објасни дека барањето во Приговорот на вработената е да се распредели на работно место Раководител на Сектор за правни работи и јавни набавки. Неговото прашање беше дали се прифаќа тоа барање?

Советот на Агенцијата со три гласа против од г-дин Петрушевски, г-дин Ајдини и г-ѓа Машовиќ и 3 гласа воздржани од г-дин Трајчев, г-дин Фиданоски и г-дин Јанчески не го прифати Приговорот доставен до Советот на Агенцијата бр.04-3579/2 од 06.10.2023 година против Одлука арх.бр.04-3579/1 од 29.09.2023 година поднесен од раководител на одделение за нормативно-правни работи при Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 7**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-3741/6

26.10 **2023 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**